Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

# Барање на прибирање на понуди за јабна набавка

## „Набавка и монтирање на внатрешни врати во СОУ-Гимназија ПРЕРОДБА-РИЛИНДЈА с.Житоше, Долнени

Во рамките на проектот „Младински политики по мерка на младите" финансиран од Цивика мобилитас, организацијата Про Локал од Битола ги поканува сите заинтересирани правни лица да достават потребни документи согласно со постапката за избор на правно лице за набавка, транспорт, демонтажа на постојни и монтажа на нови внатрешни врати во СОУ-Гимназија ПРЕРОДБА-РИЛИНДЈА с.Житоше, Долнени, со целосно завршување и ставање во функција.

**А. Основни податоци**

**Носител на проектот:** ЗГ Про Локал – Битола

**Партнери на проектот:**

- ЕМПАУРИНГ Крушево
- УРБАНО ГНЕЗДО Кривогаштани
- ВОЛВОКС – Битола
- ЕВРОПСКА ГЛЕДНА ТОЧКА Горно Оризари Битола
- МЛАДИНСКИ СОВЕТ Прилеп
- ЕКО ГЕРИЛА ПРЕСПА Ресен
- ГРАЃАНСКА АКТИВА ИКАРУС Демир Хисар

**Главна цел на проектот:**
Проектот „Младински политики по мерка на младите" има за цел вклучување на граѓанските организации во развојот на политики и процесите на донесување одлуки преку соработка и дијалог со властите.

Во рамки на проектот, младите во Долнени имаа можност да ги идентификуваат своите приоритети преку прашалник кој беше дистрибуиран кај средношколци. Меѓу највисоко рангираните приоритети се издвојува промената на внатрешни врати во СОУ-Гимназија ПРЕРОДБА-РИЛИНДЈА с.Житоше, Долнени, бидејќи веќе постоечките се видно оштетени и поради тоа имаат проблеми со следење на наставата.

**Финансиски поддржан** од страна на Швајцарската Агенција за развој и соработка во рамки на програмата Цивика Мобилитас, која ја спроведуваат Македонски центар за меѓународна соработка – МЦМС во партнерство со НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска.

**Времетраење на проектот:** од 01.12.2023 до 30.09.2026

**Б. Спецификација на видот на добрата, работите и услугите кои се предмет на набавка и количина:**

- Набавка и монтажа на 10 собни медијапански врати со каса и крило со димензии:
  - ширина: внатрешна 90 см, надворешна 100см
  - висина; внатрешна 198 см, надворешна 205 см
- конструкција исполента со саќе
- 42мм дебелина на крила
- внатрешноста да биде дрвена
- дебелина на мдф панел 8мм
- обложени со ЦПЛ фолија 0,2мм
- вклучени рачки, брави, цилиндри и клучеви
- отпорност на често користење (училишни услови)
- можност за отворање лево/десно
- дрво/крем боја
- Вратите да бидат усогласени со безбедносни и противпожарни стандарди
- Минимум 12 месеци гаранција за вратите и монтажата со обврска за интервенција при дефект во рок од 48 часа

* Економскиот оператор со кого што ќе биде склучен Договор ќе биде потребно да земе точни димензии за вратите и касите во СОУ-Гимназија ПРЕРОДБА-РИЛИНДЈА с.Житоше, Долнени.

**Б.1 Опфат на работи кои што е избраниот економски оператор треба да ги обезбеди:**

- Мерење на сите отвори;
- Демонтажа на старите врати;
- Изнесување и соодветно отстранување на отпадот;
- Набавка и транспорт на новите врати;
- Монтажа и нивелирање;
- Фини градежни поправки околу касите;
- Чистење на просторот по завршување.

**В. Услови за пријавување:**

**Општи квалификации:**

- Правно лице
- Регистрирана дејност соодветна на предметот на набавка

**Специфични квалификации:**

- Минимум 3 години искуство во монтажа и демонтажа на врати
- Обезбеди стручен тим за монтажа (вработен или ангажиран со Договор за дело)

**Г. Дополнители информации**

**Временска рамка за реализација на договорот:**

Договорот ќе трае 3 месеци (јуни 2026 – август 2026).

**Д. Заинтересираните компании треба да достават:**

- ПРИЈАВА во слободен формат со потпис од овластено лице и печат
- ДРД образец
- Доказ дека нема забрана за вршење дејност
- Доказ за работно искуство согласно бараните квалификации
- Финансиска понуда

**Про Локал го задржува правото по потреба да побара оригинали на документи на увид*

Пријавените компании ќе бидат евалуирани од страна на Комисија за евалуација при Про Локал, врз основа на доставените документи наведени во делот Д со кои се докажува исполнувањето на условите за пријавување наведени во Делот В.

Наведените услови за пријавување се исклучувачки критериуми. Евалуацијата/оценувањето на понудите ќе се врши според критериумот „најдобар соодност помеѓу цена и квалитет“.

Апликациите треба да бидат доставени по електронски пат на: coordinator@prolocal.mk и cso.prolocal@gmail.com

**Краен рок за пријавување:** 16.06.2026, 16:00 часот

Битола,
03.06.2026